**ЈУ центар за социјална работа – Виница**

**број 02-124/5 , од 20.02 2018 година**

**ЈАВНА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА – ВИНИЦА**

# П Р А В И Л Н И К

**за користење на службени моторни возила во сопственост на Јавна установа центар за социјална работа - Виница на територијата на Република Македонија и во странство**

**ФЕВРУАРИ, 2018 година**

Врз основа на член 101 став точка 8 од Законот за Социјалната заштита (Службен весник на Република Македонија број 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16 и 163/15) и член 15 став 1 точка 9 од Статутот на Јавната установа центар за социјална работа - Виница број 01-363/4 од 30.06 2015 година, Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа – Виница на седницата одржана на 26.02 2018 година го донесе следниот :

# П Р А В И Л Н И К

**за користење на службени патнички моторни возила во сопственост на Јавна установа центар за социјална работа - Виница на територијата на Република Македонија и во странсво**

## Ч л е н 1

Со овој Правилник се уредува правото, условите и начинот на користење на службените патнички моторни возила во сопственост на Јавната установа центар за социјална работа - Виница, од страна на овластените вработени во центарот за социјална работа - Виница, на територијата на Република Македонија и во странство .

## Ч л е н 2

Овластените вработени во ЈУ центар за социјална работа - Виница имаат право на користење на службените патнички моторни возила, во сопственост на центарот за социјална работа - Виница, исклучиво за службени потреби на установата, по претходно одобрување од директорот на ЈУ центар за социјална работа - Виница или од него овластено лице кое го заменува во негово отсуство или спреченост од работа, за релации на територијата на Република Македонија или во странство .

Овластените вработени во ЈУ центар за социјална работа - Виница, можат да ги користат службените патнички моторни возила во текот на работното време (од 7.30 до 15.30 часот, односно од 08.30 до 16.30 часот) .

По исклучок од ставот 2 на овој член, во зависност од службените потреби на установата, овластените вработени во ЈУ центар за социјална работа - Виница, можат да ги користат службените патнички моторни возила и пред почетокот, односно после завршувањето на работното време или за време на викендите или празниците, по претходно одобрување од директорот, исклучиво за службени потреби на установата .

## Ч л е н 3

Службените патнички моторни возила во никој случај не можат да се користат за приватни потреби .

## Ч л е н 4

Право да управуваат со службените патнички моторни возила на ЈУ Центар за социјална работа - Виница имаат :

- директорот на установата, и

- вработени во ЈУ центар за социјална работа – Виница, врз основа на претходно донесено решение за овластување од страна на директорот .

Овластените вработени немаат право службените патнички моторни возила да ги отстапуваат на управување на друг вработен во ЈУ центар за социјална работа – Виница .

**Член 5**

Не е дозволено управување на службените патнички моторни возила од страна на вработен во ЈУ центар за социјална работа - Виница кој не поседува соодветна возачка дозвола .

Не е дозволено управување со службените патнички моторни возила под дејство на алкохол, седативи, психотропни супстанции и прекурзори .

Не е дозволено конзумирање на храна, пушење цигари и превоз на животни во службените патнички моторни возила во сопственост на ЈУ центар за социјална работа – Виница .

При управување со службените патнички моторни возила задолжителна е употребата на сигурносен појас и вклучување на светлата на возилото .

**Член 6**

Овластените вработени во ЈУ центар за социјална работа - Виница кои управуваат со службените патнички моторни возила се должни при управување со возилата доследно да ги почитуваат пропишаните сообраќајни правила и прописи, и да не ја пречекоруваат пропишаната дозволена брзина на патот .

Секој направен трошок на ЈУ центар за социјална работа - Виница кој е последица од било каква санкција, односно казна за сторен сообраќаен прекршок поради пречекорување на пропишаната дозволена брзина, поради управување на патничкото моторно возило под дејство на алкохол, седативи, психотропни супстанции и прекурзори, поради недозволено паркирање или запирање, како и поради непочитување на останатите пропишани сообраќајни правила и прописи, ќе падне на товар на овластениот вработен во центарот за социјална работа - Виница кој управувал со службеното патничко моторно возило, односно кој го сторил прекршокот .

Во случај на било какви оштетувања на службените патнички моторни возила, поради вина на овластениот вработен во ЈУ центар за социјална работа - Виница кој го управувал патничкото моторно возило, настанатата штета е должен да ја надомести вработениот кој управувал со возилото .

**Член 7**

Вработените кои се овластени и задолжени со службените патнички моторни возила се должни совесно, одговорно и професионално да управуваат со службените моторни возила, постојано да се грижат за хигиената и техничката исправност на возилата и да водат грижа за нивното сервисирање и одржување .

### Член 8

Под грижа за исправноста и одржување на службените патнички моторни возила се подразбира :

- секојдневна проверка на возилата (дали состојбата на гумите се на задоволително ниво, дали во резервоарот на возилото има доволно гориво, дали е задоволително нивото на масло во моторот или вода во ладилникот итн.) ;

- проверка дали возилото има задолжителна опрема (кутија за прва помош, флуоросцентен елек, противпожарен апарат, опрема за зимски услови и сл.) ;

- грижа за одржување на хигиената во возилото (надворешно и внатрешно) ;

- грижа за навремен редовен технички преглед, односно сервис на возилото ;

- грижа за редовна регистрација и осигурување на возилото, и

- по потреба работи со кои ќе се остранат помали или поголеми недостатоци или дефекти на возилото (кои доколку не се отсранат би го направиле истото небезбедно за управување) .

За одржувањето на службените патнички моторни возила, вработените кои се задолжени со истите се должни да водат посебна евиденција (кога и колку гориво е наточено, кога е променет некој резервен дел, кога е извршена промена на масло, филтер итн.) .

### Член 9

Вработените кои се овластени и задолжени со службените патнички моторни возила се должни да водат дневна евиденција, како и евиденција за просечната потрошувачка на гориво која задолжително се доставува до Службата за административни и помошно технички работи односно до одговорниот сметководител. Дневната евиденција треба да ги содржи сите дневни релации поминати со возилото, дневната помината километража и потрошеното гориво, како и издадените налози за службените патувања .

### Член 10

За службени патувања во земјата и надвор од Градот Виница задолжително е потребен службен патен налог за вработените кои управуваат со службеното патничко

моторно возило и за вработените кои го користат службеното патничко моторно возило, потпишан од директорот при ЈУ центар за социјална работа – Виница, односно од него овластеното лице .

**Член 11**

За службени патувања во странство, задолжителен е службен патен налог за вработениот или вработените кои ќе управуваат со службеното патничко моторно возило и за вработените кои го користат службеното патничко моторно возило, потпишан од директорот на ЈУ центар за социјална работа - Виница, како и Решение за службено патување во странство, донесено од директорот на установата .

**Член 12**

Непочитувањето, односно прекршувањето на одредбите од овој Правилник претставува повреда на работниот ред и дисциплина, и ќе биде санкционирано согласно Закон .

**Член 13**

По влегувањето во сила на овој Правилник, вработените кои се овластени и задолжени со службените патнички моторни возила се должни редовно и навремено да го известуваат директорот на ЈУ центар за социјална работа - Виница за сите евентуално насанати оштетувања или дефекти на возилото со писмено образложени причини за настанатото оштетување .

**Член 14**

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување, и истиот ќе се објави на огласна табла во ЈУ центар за социјална работа – Виница .

Управен одбор на ЈУ Центар

за социјална работа - Виница

Претседател, Благој Илиев

______________________________